**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6482 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
(2) *Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
(2) *При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Периодот од 1 до 9 декември 2016 година, е последниот извештаен период од мониторингот на изборното медиумско претставување, а втор од периодот на кампањата. Во него, анализа е спроведена врз 18 изданија на „Дневникот" на ТВ Канал 5 во 18 часот и 30 минути и во 23 часот.

Примерокот се состои од прилози со времетраење од 7 часа 54 минути и 3 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:17 | 2,94 % |
| Други субјекти | 00:01:17 | 2,94 % |
| Влада на РМ | 00:19:30 | 44,64 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:25 | 12,40 % |
| Локална самоуправа | 00:01:17 | 2,94 % |
| Без субјекти | 00:02:55 | 6,68 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:06 | 16,25 % |
| ДИК и други органи | 00:01:28 | 3,36 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:26 | 7,86 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:43:41** | **100 %** |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| Други субјекти | 00:15:08 | 50,39 % |
| Претседател на РМ | 00:08:33 | 28,47 % |
| Граѓански сектор | 00:02:21 | 7,82 % |
| ДИК и други органи | 00:03:01 | 10,04 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:59 | 3,27 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:30:02** | **100 %** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:45:51 | 50,79 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 02:21:10 | 43,23 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:40 | 3,27 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:04:01 | 1,23 % |
| Левица | 00:01:31 | 0,46 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:53 | 0,58 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:26 | 0,44 % |
| **Вкупно за тема:** | **05:26:32** | **100 %** |

Делот од прилозите, во кои е известувано за митинзите, изјавите и другите активности од кампањата на партиите и коалициите трае 5 часа 26 минути и 32 секунди (Табела 1). Меѓу четирите субјекти со седум потврдени листи со кандидати, прва е Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ со 2 часа 45 минути и 51 секунда (50,79%), во ова време спаѓаат и обраќањата на странски политичари на митинзите, странски инвеститори во контекст на инвестициите најавени од Никола Груевски и други субјекти кои изразиле поддршка за оваа Коалиција во рамките на активностите од нејзината кампања. Зад неа е Коалицијата предводена од СДСМ со 2 часа 21 минута и 10 секунди (43,23%), ДУИ има 10 минути и 40 секунди (3,27%), а Коалицијата ВМРО за Македонија – 4 минути и 1 секунда (1,23%). За Коалицијата за промени и правда, која има шест кандидатски листи, има 1 минута и 26 секунди (0,44%). Известувано е уште за два субјекти со потврдени листи во пет изборни единици - ДПА со 1 минута и 53 секунди (0,58%) и за Левица со 1 минута и 31 секунда (0,46%). Нема информации за Либералната партија (пет листи), Движењето Беса и Коалицијата Алијанса за Албанците (по четири листи) и за ПДП (една кандидатска листа).

Извештаите за активностите на власта траат 43 минути и 41 секунда (Табела 1). Станува збор за прилозите за: наодите на Антикорупциската комисија во врска со распоредувањата во МВР и реакцијата на техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски во врска со тоа; билатералната средба на премиерот Емил Димитриев со Сандра Калниете, потпретседателка на Европската народна партија и Патрик Волер, секретар за надворешни односи на Европската народна партија; средбата на министрите за надворешни работи на Македонија Никола Попоски и на Унгарија Питер Сијарто; разговорот со градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски по повод новогодишното уредување на градот; изјавите на премиерот Емил Димитриев и на Николај Влканов, претседател на бордот на директори, по повод рестартирањето на рудникот „Тораница" (во овој прилог време има и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ поради најавата на Никола Груевски); средбата на Владата и ДИК; изјавата на заменик-министерот за информатичко општество и администрација, Тимчо Муцински во врска со притисоците кон јавната администрација; изјавите на министерот за одбрана Зоран Јолевски, на генералот од САД Џин Џоунс и на претставник на компанијата „Броудстоун дифенс" (време има и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ поради информациите за ставот на Никола Груевски); учеството на министерот за надворешни работи Никола Попоски на Министерскиот совет на ОБСЕ во Хамбург.

Што се однесува до другите теми поврзани со изборите, тие се застапени со времетраење од 30 минути и 2 секунди (Табела 1), а се работи за: изјавите на претседателот Ѓорге Иванов во врска со изборите; активности/ставови на граѓански здруженија; активности на Јавното обвинителство, истражувања на јавното мислење, активности на ДИК.

Кај директните обраќања, во прилозите со информативни жанрови, најмногу време има за Коалицијата предводена од СДСМ – 1 час 48 минути и 58 секунди (47,52%), зад неа е Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ со 1 час 35 минути и 59 секунди (41,86%), а сите други субјекти имаат помалку од 10 минути директни обраќања (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:35:59 | 41,86 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:48:58 | 47,52 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:28 | 0,20 % |
| Други субјекти | 00:00:33 | 0,24 % |
| Претседател на РМ | 00:04:19 | 1,88 % |
| Влада на РМ | 00:03:44 | 1,63 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:48 | 1,22 % |
| Локална самоуправа | 00:01:24 | 0,61 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:04 | 2,21 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:22 | 1,03 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:37 | 0,71 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:24 | 0,17 | % |
| Левица | 00:00:35 | 0,25 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:03 | 0,46 | % |
| | **Вкупно: 03:49:18** | **100** | **%** |

За коментари и осврти, во овој извештаен период, се издвоени 1 час 13 минути и 48 секунди од „Дневниците" на ТВ Канал 5 во 18:30 и во 23 часот.

На 1 декември, во „ДУИ: Али Ахмети да биде премиер" (3 минути и 26 секунди) најпрвин се пренесува напис од весникот „Дневник" со изјави на функционер од ДУИ за тоа дека ако македонските партии не освојат 63 пратеника, сосема е возможно Али Ахмети да биде премиер. Се наведува дека „зголемените апетити на албанските политички партии е резултат на најавите на СДСМ за двојазичност во цела држава". Се потсетува дека од ВМРО ДПМНЕ отфрлаат каква било можност за формирање малцинска или пак широка влада по изборите и се емитува дел од обраќање на Груевски на митинг (без 63 пратеници нема да заврши политичката криза во Македонија). Потоа се вели дека за идејата за премиер - Албанец одамна говори Љубомир Фрчковски, по што се емитува неговото обраќање од трибина во Љубљана каде ги поддржува најавите на лидерот на СДСМ Заев за изучување на албанскиот јазик од најмала возраст. Се потсетува дека поддршката од албанските гласачи Заев ја побарал и во Берн, Швајцарија каде говорел за напуштање на рамките на Охридскиот рамковен договор. Се наведува дека потврда за сето ова дала и кандидатката на СДСМ Ѓулумсер Касапи (за специјалната програма за употребата на албанскиот јазик). Експертите предупредуваат дека плановите на СДСМ за поголема автономност на општините и префрлање на надлежности од централната на локалната власт, особено во делот на безбедноста, се опасни по унитарноста на државата.

Следува „Република": Српската партија „Двери" ја потврди кражбата" (2 минути и 16 секунди) во чија најава се вели дека претставник на „Двери" рекол оти СДСМ прави политичка измама со нивната кампања и дека бил шокиран откако ги препознал кампањата и програмата. Се емитува изјава на Срѓан Ного од „Двери" во интервју за „Република". Потоа се вели дека од СДСМ негираат дека нивната програма и изборен материјал ги ископирале од српската партија и се пренесува одговорот од генералниот секретар на партијата Оливер Спасовски.

Прилозите се емитувани во двете анализирани изданија на вестите.

На 2 декември, во двете изданија на „Дневникот", се емитува осврт „Анализа: експертите стравуваат дека широка коалиција води кон промена на уставното име" (3 минути и 8 секунди). Во најавата се вели дека партиите меѓусебно се прозиваат за двојазичност, кантони, Рамковен без рамки, а „експертите стравуваат дека најавите за можни широки коалиции по изборите ја отвораат опасноста од редефинирање на државата и промени на Уставот, што би можело да се спречи единствено доколку актуелната владејачка партија освои мнозинство од 63 пратеници". Прилогот започнува со изјавата на Љубомир Фрчковски од трибината во Словенија, за широка владина коалиција која би имала задача да го промени уставното име (се емитува дел од неговото обраќање). Се емитуваат реакции на политички аналитичари. Ристо Никовски вели дека барањата на ВМРО ДПМНЕ за 63 пратеници се легитимни и мисли дека тие ја отсликуваат реалната состојба во земјава за да имаме стабилна влада. Според Петар Арсовски широка коалиција можеби менува некаква политичка волја, но не го менува механизмот за референдум за промена на името. Се потсетува на ставот на ДУИ за Али Ахмети на премиерска позиција. Се повторува дека ставот на владејачката партија по однос на името е јасен и категоричен и оти во нивната програма стои дека нема да прифатат промена на Уставот со цел промена на уставното име или идеи што би го загрозиле националниот идентитет. Прилогот е со негативна рамка за СДСМ и позитивна за ВМРО ДПМНЕ.

Во „Дневникот" во 18:30 часот, нареден прилог е „Анализа: зголемувањето на ингеренциите на локалната власт чекор кон кантонизација и поделба" (3 минути и 37 секунди) во кој се разгледува дали СДСМ

ги спрема општините за кантонизација. Прилогот започнува со потсетување на говорот на Заев во Швајцарија во делот за децентрализацијата на Македонија и со тоа дека програмата на СДСМ предвидува пренесување на дел од надлежностите од централно на локално ниво. Потоа се репризира изјава на Трајко Вељановски за тоа дека ветувањето за излегување од рамките на Охридскиот договор, отворањето на прашањето за воведување на двојазичност и кантонизација се потврда за најавите на Заев за промена на Уставот и федерализација. Се потсетува на поддршката од Муса Џамалари за федерализација и на формирањето Унија на албански општини во Тирана (во контекст на идејата за голема Албанија). Следува ставот на професорката Тања Каракамишева Јовановска (политипните општини и децентрализацијата се чекор кон редефинирање на македонската држава) и Мерсел Биљали (општините од различни држави и досега соработувале, унијата е за предизборни цели). На крајот завршува со тоа дека идејата за Голема Албанија не е мртва - при посетата на Обама во Атина, грчката полиција во автомобил на албанската амбасада пронашла пропаганден материјал и 1.500 учебници со карти на Голема Албанија која зафаќа половина територија на РМ. Прилогот е со негативна рамка за СДСМ.

На 3 декември, во двете анализирани дневно-информативни изданија, има три прилози со коментари.

Најпрвин, во „Дали агенцијата „Рејтинг„ направи анкета за подигнување на моралот на СДСМ?“ (2 минути и 53 секунди) се коментираат резултати од анкета кои ТВ Канал 5 претходно не ги објавила. Се наведува дека според Агенцијата „Рејтинг“ на Ѓорѓи Спасов, предноста на ВМРО ДПМНЕ пред СДСМ е минимална, наспроти анкетата на „реномираната 'Брима Галуп“ во која предноста е речиси двојна. Се наведува дека Рејтинг и претходните години излегувала со анкети според кои СДСМ победувала, на што се емитува обраќање на Стево Пендаровски од претходни избори во кое вели дека опозицијата води на сите анкети. Се емитува мислење на Бранко Геровски кој смета дека анкетите вклучително и онаа на Рејтинг го мерат предизборното расположение и треба да се земат со резерва, а оние кои прават анкети за да влијаат врз расположението на гласачите си го уриваат угледот. Медиумот поставува прашање дали со анкетата на „Рејтинг“ СДСМ го поткрева расположението на своите симпатизери со оглед на резултатите од анкетата на „Брима Галуп“.

Потоа, се емитува прилогот „Зошто Алексов од „Мост“ праќал заканувачки писма до раководителите на јавни установи?“ (3 минути и 43 секунди) во кој се коментира дека Дарко Алексов од Мост испратил писма до општинските јавни установи на лично име на раководителите „со закани дека не смеат да вршат притисок врз вработените“ или да користат јавни ресурси. Се цитира дел од писмото. Вакво писмо добил и градоначалникот на Велес, Славчо Чадиев, според кого на ваков начин се врши притисок врз јавната администрација (се емитува негова изјава). Има изјава и од Сашо Здравевски, вработен во администрација, кој вели дека ова писмо го вознемирило и не знае која е пораката на писмото, и кој сè ги има неговите лични податоци. Изјава има и од Дарко Алексов дека ова не е првпат МОСТ да упатува апели, и оти суштината на писмото е повик за кредибилни избори, што е наведено во сите пораки од меѓународната заедница.

Третиот прилог е „63 пратеника и стабилна Влада против црните сценарија“ (3 минути и 31 секунда). Прилогот започнува со колумната во „Дневник“ на Бранко Ѓорѓевски со наслов „Албански уцени за сценарија по 11 декември“, кој пишува дека е можно македонската криза да не заврши по 11 декември. Се емитува изјава на лидерот на СДСМ, Зоран Заев според кого федерализацијата е само во главата на Груевски. Потоа се вели дека Груевски го обвинува Заев оти се залага за федерализација повикувајќи се на неговото обраќање во Швајцарија (се емитува снимка од изјавата на Заев во Берн за Охридскиот рамковен договор). Потоа има обраќање од Груевски - што и следи на Македонија од сценаристите кои го најмиле Заев да го спроведе нивното сценарио. Прилогот има негативна рамка за СДСМ.

На 4 декември, во извештајот „Во Куманово СДСМ предизборно дели дрва на ромски семејства“ (2 минути и 13 секунди) се коментира дека станува збор за предизборно поткупување гласачи. Се информира дека, со знаење на градоначалникот Зоран Дамјановски, Роми добиле дрва за огрев од невладина организација и требало со него да се договорат и за други проекти, а се вели и дека им било кажано оти полицијата е во рацете на СДСМ и да не се грижат за ништо. Во вестите во 23 часот, по овој прилог се

емитува „Демант: не ги познавам лицата кои земале дрва со книшка од СДСМ“ (1 минута и 13 секунди) со телефонска изјава на Мемиш Гарп од хуманитарната организација Романо Пралипе дека делењето дрва не е поврзано со изборите, која е илустрирана со фотографии на кои тој е прикажан со луѓе од СДСМ.

Во двете изданија на „Дневникот“ од 4 декември, Телевизијата повторно се навраќа на темата за кантонизација во освртот „Дали Швајцарскиот модел за Македонија е план за распад на државата?“ (4 минути и 19 секунди), со негативна рамка за СДСМ. Се емитува обраќањето на Зоран Заев од Берн, Швајцарија каде зборува за потребата од децентрализација во Македонија, за кантоналното уредување на Швајцарија и за Охридскиот рамковен договор. Потоа се пренесува изјава на аналитичарот Александар Пандов (ваквите анти државнички изјави се доста опасни и можат да донесат огромна штета на државата). Се наведува оти тезите за проширување на Рамковниот договор и кантонизирање на Македонија по теркот на Швајцарија, на својот Фејсбук профил ги коментирал и професорот Љубомир Цуцуловски, кој посочил дека Охридскиот договор повеќе не постои, односно дека е преточен во Уставот на РМ. Следи обраќање на Груевски, кој не се согласува со Заев за употребата на јазикот на целата територија и за Рамковниот договор. Следува обраќање на Заев дека употребата на албанскиот јазик е дефинирана во Уставот, а само Груевски мисли и зборува за федерализација.

На 5 декември има три прилога со коментари кои се емитувани во вестите во 18:30 часот.

Најпрвин, уште еден осврт за двојазичноста. „Продолжуваат реакциите за најавите на Заев за двојазичност во Македонија“ (4 минути и 9 секунди). Прилогот почнува со реферирање на идејата за широка владина коалиција без ВМРО ДПМНЕ – можност која ја разгледуваат СДСМ и дипломатските кругови „за тоа како да се донесе Зоран Заев на власт“, по што повторно се реферира на обраќањето на Љубомир Фрчковски на трибина во Љубљана. Потоа се пренесуваат реакции на јавноста за идеите на Заев за проширување на Рамковниот договор и употребата на албанскиот јазик. Се пренесува писмото на проф. Ѓулен Емин до „Дневник“ во кое изразува револт од идејата за двојазичност, бидејќи ги запоставува другите заедници. Се емитува и изјавата на началникот на Генералштабот на АРМ,Методија Величковски за тоа дека постојаните законски регулативи не дозволуваат двојазичност во АРМ. Потоа пуштен е дел од интервјуто на Заев за Нова ТВ, кога вели дека смета на албанските гласови. Никола Груевски, се наведува, ја бара поддршката од граѓаните за 63 пратеника, зашто според него потребно е апсолутно мнозинство за да се запрат плановите за двојазичност и федерализација (се емитува негово обраќање од митинг). На крајот се наведува и дека лидерите и на другите етнички заедници во земјава се спротивставуваат на концептот на Заев. Според претседателот на ДПС Иван Стоилковиќ, со двојазичноста земјава и официјално ќе биде бинационална држава. Тоа според него е невозможно да се изведе по мирен пат.

Подолу во вестите има преземен/симулиран коментар „Република“: СДСМ ги става во игра сите џокери, Катица Јанева влегува во кампања?“ (1 минута и 32 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Се пренесува напис од „Република“ дека, според неофицијалните информации, за наредните четири дена се подготвува почнување нови истраги, доставување обвинителни предлози, а не е исклучено да се оди и со обвиненија, „само за да се дефокусира вниманието на јавноста од срамното пазарење на СДСМ со националните интереси“. Се наведува кои случаи ќе биле покренати при што се набројува и „некаков акт насочен кон судската власт која би требало да биде заплашена во пресрет на гласањето в недела“. Се наведува дека ТВ Канал 5 побарала одговор на прашањата што ги наметнува „Република“ за новите предизборни истраги, но засега нема одговор.

Веднаш потоа следува уште еден симулиран коментар, преземен од „Курир“ во кој се тврди дека одговорен за „операцијата поткуп со дрва“ е Мемиш Гарп, првиот човек на здружението што делело дрва, за кого „Курир“, врз основа на фотографии, тврди дека е близок соработник на генералниот секретар на СДСМ и технички министер во МВР Оливер Спасовски, како и на партискиот портпарол Петре Шилегов. Прилогот има негативна рамка за СДСМ и е означен со телопот „Курир“: близок соработник на Спасовски и Шилегов е одговорен за операцијата“ (1 минута и 30 секунди).

На 6 декември, во „Дневникот“ од 18:30 часот, се емитува „Македонски Манифест“ остро реагираат на уцените на претседателот на ДПА, Тачи“ (4 минути и 11 секунди) со негативна рамка за ДПА и за СДСМ.

Во прилогот најпрвин се пренесува писмото од „Македонски манифест" против уцените на Мендух Тачи за промена на уставното име на РМ и најавите на Зоран Заев за употреба на албанскиот јазик во цела држава, кои се дел од проект за идентитетска ликвидација на Македонија. Се вели дека реакцијата во писмото доаѓа по најавите на Заев во Швајцарија дека треба да се прошири Рамковниот договор (се емитува обраќањето на Заев). Потоа се наведува дека истражувањата на јавното мислење покажуваат оти граѓаните не се за двојазичност и федерализација (се цитираат резултати од истражувањето на Институт „Павел Шатев") и следи анкета со граѓани, против двојазичноста. На крајот се емитува изјавата на Груевски со барањето за 63 пратеници за да заврши кризата.

На 7 декември, во двете изданија на „Дневникот", има симулиран/преземен коментар „Нови документи од архивот на Македонија за територијална поделба во 2004 година" (3 минути и 59 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во него се пренесува напис од „Република" за документи од Државниот архив на Македонија за кои се вели дека откриваат како во 2004 година, се воделе преговорите меѓу тогашните владини партнери СДСМ и ДУИ. Објавените документи го откриваат „пазарот меѓу двете партии" - територијална поделба, во замена за поддршка од Албанците за Претседателските избори во 2004, при што се тврди оти е запишано дека владата на СДСМ со Шеќеринска самата понудила неприродно прекројување на границите на штета на Македонците, а нивниот предлог е Кичево и Струга да ги претворат во доминантни албански средини, за градовите да добијат градоначалници Албанци. Се пренесува тогашен допис со поддршка од Љутфи Хазири од Косово, по што се наведува дека сега Албанската дијаспора ја дава поддршката за Зоран Заев и се говори за средбите на Заев со Муса Љамалари и неговото отворено писмо до Груевски со барања за смена на името, знамето, химната, државниот грб, попис. Потоа се вели дека владејачката партија и експертите предупредуваат оти програмата на СДСМ значи федерализација на Македонија која би довела до отцепување на делови од државата и припојување кон други држави. Потоа се емитува обраќање на Заев од митинг дека федерализацијата е само во главата на Груевски и на крајот се потсетува на изјавите на Заев во неколку интервјуа во Берн.

На 9 декември, во вестите во 18:30 часот се емитува осврт „Заев: СДСМ има 10.000 членови Албанци" (3 минути и 15 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Прилогот почнува со интервјуто што Зоран Заев го дал за Албинфо, за тоа колкав дел од членството на СДСМ се Албанци. Потоа се надоврзува неговиот говор во Швајцарија за проширување на Рамковниот договор и двојазичност на целата територија на Македонија и се емитува обраќањето, од истиот настан, на Андреас Грос, швајцарски политичар, кој вели дека двата јазика треба да бидат официјални во РМ. Прилогот завршува со тоа дека и покрај јавните изјави на Заев во кои „лицитираше со двојазичноста", лидерот на СДСМ на митинзите говорел дека не се залагал за двојазичност или федерализација.

Во „Дневникот" во 23 часот, се пренесуваат акценти од колумна „Џонсон за Фокс Њуз: Зошто сега е вистинско време за Македонија?" (42 секунди) со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ. Во неа генералот Роналд Џонсон предвидува победа на Никола Груевски и ВМРО ДПМНЕ.

Потоа, во „Прес 24: Прво приведување во врска со изборен криминал" (32 секунди) се пренесува информација дека четири лица од Кочани биле фатени како купуваат лични карти од гласачи за тие да не излезат на гласање во недела. Кај нив биле пронајдени списоци со имиња и суми на пари кои треба да бидат исплатени.

За извештајот од последниот митинг на Коалицијата предводена од СДСМ пред изборниот молк, „Хармоничен албанско-македонски завршен митинг на СДСМ во Арачиново" (6 минути) во најавата се вели: „По селфито во Диво насеље, лидерот на СДСМ, вечерва на завршниот митинг имаше селфи и во Арачиново".

***Посебни информативни емисии***

*Интервју*

На 4 декември, околу 20 часот, премиерно се емитуваше издание на емисијата *Во Центар со Васко Ефтов*, со интервјуа со Драган Вучичевиќ, главен уредник на дневниот весник „Информер" од соседна Србија, Тома Фила, адвокат, Филип Шварм, главен уредник на српскиот весник „Време" и Божа Спасиќ, екс-агент на УДБА. Темите се: дали ќе биде вклучено криминалното милје на навивачките групи во изборниот или пост изборниот процес во рамки на РМ, дали е започната сезоната на нови најави за можни атентати на Балканот и дали во Македонија можат да се случат немири на денот на изборите. Репризирана е на 9 декември.

На 4 декември околу 4 часот по полноќ, емитувана е реприза на емисијата Во Центар со Васко Ефтов со Воислав Шешељ, политичар и Божидар Божа Спасиќ, екс-агент на УДБА.

*Други информативни програми*

На 3 декември, околу 2 по полноќ, во рамките на *Миленко Неделковски шоу*, се емитуваше снимка од втората трибина на Институтот за Европски студии и магазинот НИН под наслов - Година на избори. На прашања поврзани со Изборите на 11 декември во Македонија, свои ставови и мислења изнесуваат Цветин Чилиманов и Миленко Неделковски.

***Други програми***

Изборите беа тема на комуникација со гледачите на неколку изданија на утринската програма *Здраво Македонијо* на ТВ Канал 5, емитувани во периодот од 1 до 9 декември 2016 година.

На 1 декември гледачите можеа да ги изнесуваат своите коментари за тоа: „Кому и зошто му требаше случајот „фантомски гласачи"?

На 2 декември, се разговараше за тоа „Кому неутралните гласачи ќе му го дадат својот глас на овие избори?", а гледачите можеа да ги изнесат и своите ставови на темите од претходните денови: „На колку пратеници може да смета победничката партија на изборите?, „Дали анкетата на Брима Галуп е реален одраз на политичкото расположение во Македонија?", „Кога ќе се случи во Македонија без предрасуди Албанци да гласаат за македонска партија и Македонци за албанска партија и политичари?" и „Кому и зошто му требаше случајот „фантомски гласачи"?

„Која партија влегува со предност во последната недела од изборната кампања?" е темата за разговор на 5 декември.

На 6 декември, граѓаните беа прашани: „Дали анкетата на Институтот Павел Шатев, го потврдува политичкото расположение во Македонија?". Емисијата е репризирана ноќта на 7 декември.

На 7 декември, гледачите можеа да се изјаснат за тоа: „Која е досега најпозитивната или најнегативната порака или понуда од кампањата на политичките партии?".

На 8 декември, темата е: „Која изборна програма е најблиску до Вашите потреби, на ВМРО ДПМНЕ или СДСМ?".

Утрото на 9 декември, јавувањата се однесуваа на тоа: „Кој и со колкава разлика ќе победи на изборите во недела?".

**Член 75-б од Изборниот законик**

На ТВ Канал 5, во периодот од 1 до 9 декември 2016 година, се емитувани следниве прилози во кои власта се поврзува со политички субјект:

***Дневник во 18:30 часот на 03.12.2016 и во 23 часот кој преминува на 4.12.2016***

18:46:32 – 18:51:05 и во 23:59:57 - 00:03:03 „Повторно почнува да работи рудникот „Тораница" во Крива Паланка" – во прилогот, освен изјавите на премиерот Емил Димитриев и на Николај Влканов, претседател на бордот на директори, се чита најавата од Фејсбук страницата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што власта се поврзува со политички субјект.

***Дневник во 18:30 часот на 07.12.2016***

18:44:18 – 18:47:44 „Американска компанија инвестира во Македонски Брод" – во прилогот за инвестицијата се појавуваат министерот за одбрана Зоран Јолевски, генералот од САД Џин Џоунс, претставник на компанијата и се информира дека инвестицијата ја поздравил Никола Груевски на својот Фејсбук профил.

***Дневник во 18:30 часот и во 23 часот на 09.12.2016***

18:49:33 – 18:52:57 и 23:47:17 – 23:50:54 „Историски пад на невработеноста од 23,4 отсто" – Во прилог за последниот извештај објавен од страна на Државниот завод за статистика, се чита ставот на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски од неговиот Фејсбук профил. Се поврзуваат резултатите од политиките на власта со политички субјект.

*Сектор за програмски работи*